Macedonian | Македонски

# Поддршка за пристап до NDIS за ментално здравје (Викторија)

## Поддршка за добивање помош при поднесување барања за NDIS

Националната програма за осигурување на лица со попреченост (The National Disability Insurance Scheme - NDIS) им помага на лицата со попреченост, вклучително и на оние кои живеат со сериозни состојби поврзани со менталното здравје. NDIS обезбедува поддршка за секојдневните активности и за поврзување со заедницата.

Програмата за поддршка за пристап до NDIS за ментално здравје (The Mental Health NDIS Access Support) им помага на возрасни лица со психосоцијална попреченост да ги разгледаат можностите за пристап до NDIS. Работиме со вас, вашето семејство, негувателите и здравствените служби, за процесот да биде појасен и полесен за следење и посовладлив.

### Нашата поддршка вклучува

- собирање документација што го поддржува барањето и документи за идентификација за барања за пристап до NDIS (NDIS Access Requests)
- соработка со здравствени служби, вклучително и со матични лекари и приватни психијатри (со ваша согласност)
- обезбедување лице за контакт за прашања поврзани со NDIS
- собирање и систематизирање дополнителни докази, доколку тоа го бара NDIS, за поддршка на навремено донесување одлуки
- поддршка за присуство на состаноци за поврзување со услуги во заедницата преку услугите на Локалниот координатор за подрачје (Local Area Coordinator - LAC) (преку телефон или виртуелно)
- следење на статусот на барањата кај NDIS или локалните координатори (LACs)
- давање насоки за поднесување барање за преиспитување на одлуките и поддршка при поврзување со специјализирани служби за жалби на одлуките на NDIS
- помош при повторни проценки на исполнетоста на условите за пристап до NDIS (NDIS Eligibility Reassessments) за лица со психосоцијална попреченост.

### Критериуми за исполнување на условите

- да сте возрасно лице помладо од 65 години
- да живеете со сериозна состојба поврзана со менталното здравје
- да сте имале дијагноза за состојба поврзана со менталното здравје подолго од 2 години
- да поднесувате барање врз основа на психосоцијална попреченост (Psychosocial Disability)
- да имате матичен лекар или психијатар кој ќе го поддржи вашето барање.

### Ве молиме имајте предвид

Лицата чии случаи во моментот се под стручно водење од страна на Регионална служба за ментално здравје (Area Mental Health Service) не ги исполнуваат условите, освен ако не треба да бидат отпуштени во рок од еден месец.

### Пристапување до услугата

**EACH**

**T** 1300 003 224
**E** NDISAccess@each.com.au

**Општини**
Boroondara, Manningham, Monash, Whitehorse, Knox, Maroondah, Shire of Yarra Ranges, Greater Dandenong, Cardinia, Casey, Banyule, Darebin, Whittlesea и Nillumbik

**ACSO**

**T** 1300 022 760
**E** NDISAccess@acso.org.au

**Општини**
Сите подрачја на локалната самоуправа (LGA) во регионалните и руралните области низ Викторија

**Neami National**

**T** 1300 379 462
**E** intake@neaminational.org.au

**Општини**
Bayside, Glen Eira, Kingston, Port Phillip, Stonnington, Frankston, Mornington Peninsula, Melbourne, Moonee Valley, Merri-bek, Yarra, Brimbank, Hume, Maribyrnong, Hobsons Bay, Wyndham и Melton

**Бесплатен пристап до преведувач**



## Клучни пораки

| | |
|---|---|
| **Бесплатна, практична поддршка со почит кон корисниците** | — Чекориме заедно со лицата со сосотојби поврзани со менталното здравје кои влијаат врз секојдневниот живот.<br>— Помагаме при поднесување барања за NDIS, собирање документација со која се потврдува барањето, документи за идентификација и комуникација со здравствени работници.<br>— Нудиме постојана поддршка во текот на поднесувањето барањата за пристап, преиспитувањата на одлуките и повторните проценки дали условите се исполнети. |
| **Дополнителна поддршка за исполнување на условите и преиспитување на одлуките** | — Им помагаме на корисниците да ги разберат и пополнат барањата за пристап до NDIS.<br>— Ги водиме корисниците низ процесите на повторна проценка, преиспитување и жалби на одлуките.<br>— Ги вклучуваме семејствата и негувателите на начин што е безбеден, полн со почит и поддршка. |
| **Заеднички услуги низ целата држава за лицата и службите кои вршат упатување и партнерите** | — Овие услуги се спроведуваат во партнерство помеѓу Neami, EACH и ACSO, со финансирање од Владата на Викторија.<br>— Јасни патеки за упатување за матични лекари, општини, локални координатори за подрачја и организации во заедницата.<br>— Соработуваме со други служби за процесот на NDIS да биде полесен за разбирање и снаоѓање во него. |
| **Инклузивно и достапно** | — Достапни се бесплатни толкувачи за лица од различно културно и јазично потекло.<br>— Услугите се културно безбедни и со почит кон Абориџините и народите од островите во Теснецот Торес. |
| **Приоритет им се дава на лицата на кои поддршката им е најпотребна** | — Оваа поддршка е наменета за лица кои живеат со состојби поврзани со менталното здравје и кои не се поврзани со клинички служби за ментално здравје.<br>— Поддршката е насочена кон лица кои се соочуваат со пречки во секојдневниот живот.<br>— Услугите им се прилагодуваат на корсниците таму каде што се, со разбирање и грижа. |
| **Застапување за постојано финансирање преку гласот на заедницата** | — Личните искуства од заедницата и упатувањата од заедницата ја покажуваат потребата и влијанието.<br>— Активно се залагаме за продолжување на услугата, нагласувајќи ја важноста на достапна, кон поединецот насочена поддршка во рамките на NDIS. |

Each
australian community support organisation
neami national Improving Mental Health and Wellbeing